Октомври 2023

# Е БИЛТЕН 38




## МАЛИ ЧЕКОРИ ДО ПОДОБРА ПЛАНЕТА

“Да живееме во свет во кој климатските промени не се закана за човештвото” е наша визија и порака која ја испраќаме во овој билтен со желба заедно да ја направиме одржлива.

Наша цел е одржливо да инвестираме во заедницата и притоа да воведеме социјални и еколошки промени во насока на реализација на нашата визија. Преку проектите во процесот додека ги креираме, имплемнтираме, на обуките кои ги одржуваме или сме на било кој начин вклучени во нив, се обидуваме да ја пренесеме пораката во нашата заедница.

Горди сме што успеавме да изградиме мрежа на соработници со кои заедно инвестираме за подобра иднина. Им благодариме на сите наши соработници кои заедно со нас работеа и продолжуваат да работат на одржливоста на проектите и покрај затворањето на финансиската поддршка од ЕУ. Одржливоста на нашите проекти не радува и ни дава подстрек за понатамошна работа.

Во овој број на нашиот билтен изразуваме голема благодарност на “Здружението на лица со церебрална парализа и други попречености Велес” од Велес за одморот во Црна Гора кој им го подари  на 13 лицата со попреченост раселени од Специјалниот Завод Демир Капија во домовите во Велес и Градско преку проектот “Заедно за повеќе можности и поддршка –ТИМОР”.

**Од тимот на ЦеПроСАРД**



# Поддршка на социјалните претпријатија следејќи го принципот „Не оставај никој зад себе“





Успешно завршена приказна за поддршка на Социјалните Претпријатија и поддршката на вработување на лицата од ранливи категории во рамки на проектот „Поддршка на социјалните претпријатија следејќи го принципот – Не оставај никој зад себе“.

Во текот на времетраењето на проектот, проектот овозможи ре-грантирање на 6 организации кои дејствуваат на различно поле, притоа овозможувајќи им јакнење на нивните организациски капацитети преку 7 месечни обуки по мерка согласно нивните потреби во областите на Дигиаталниот Маркетинг, Енергетската Ефикасност и Обновливи извори на енергија, и Заштита на животната средина, како и зголемување на нивните капацитети преку поддршка на вработувањето на 12 лица од ранливите категории, со цел нивна социјална и професионална реинтеграција во општеството.

На завршниот настан направивме приказ на постигнатите проектни резултати и значајноста на социјалните претпријатија во земјата. Проектот работеше на подобрување на социјалното претприемништво и унапредување на социјалните претпријатија во земјата преку поддршка и вработување на ранливите групи граѓани. На настанот, учесниците имаа можност да ги погледнат успешните проектни активности на ре-грантираните организации, како и беше направена изложба на нивните пориизводи.

Повеќе информации во врска со проектните резултати и информации можете да погледнете на социјалните мрежи на https://www.facebook.com/CeProSARD и https://www.facebook.com/proektposop , како и на веб страните https://ceprosard.org.mk/MK/Default.aspx и https://posop.mk/

Проектот е финансиран од Европската Унија.

#социјалнопретприемништво #проектПОСОП #ProjectPOSOP #ЕУсоТЕБЕ






# Проект ЗЕЛЕНА ЕНЕРГИЈА

Во средина на месец јуни 2023 година, како партнерска организација започнавме да го имплементираме проектот Зелена енергија - Поттикнување на социјалното претприемништво преку формирање пилот енергетски задруги во прекуграничниот регион во рамки на програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Србија и Република Северна Македонија.

Општа цел на проектот е да се зајакнат добрососедските односи и соработката во секторот на зелена енергија за развој на социјално претприемништво преку основање на енергетски задруги во прекуграничниот регион.

Главни компонентни активности на проектот се:

1. Преглед на меѓусекторските капацитети и интересите за соработка во формирање на енергетски задруги и развој на социјално претприемништво

2. Креирање нов модел на соработка (енергетска задруга) за развој на социјално претприемништво преку поставување на пилот проект за производство на енергија базирана на ОИЕ и ЕЕ

3. Споделување на искуство од ЕУ – Зголемување на знаењето и капацитетите на граѓанските организации, бизнис секторот и локалните власти преку трансфер на знаење и најдобри практики од ЕУ

4. Промотивни активности за подигнување на јавната свест за социјално претприемништво преку енергетски задруги

Во првиот квартал на имплементација на проектот, беше формиран проектниот тим и се воспоставија организациски документи во рамки на проектот, а особен дел се посвети на креирање на визуелниот аспект на проектот. Дел од проектниот тим присуствуваше на обука за имплементација на проекти во рамки на грантовата шема во Белград на 26 септември 2023. На почеток на месецот, беше одржана и првата мониторинг он-спот посета од страна на Заедничкиот технички секретаријат (JTS) која се одржа во Медвеѓа, Србија.

Во периодот, тимот активно работи на подготовка на активностите за одржување на Информативен настан и Тркалезна Маса и зајакнување на соработката во прекуграничниот регион, особено помеѓу партнер општините Медвеѓа и Бутел.

Проектни партнери се Општина Медвеѓа, Република Србија, Центар за промоција на одрживи земјоделски практики и рурален развој" – ЦеПроСАРД и Општина Бутел, Република Северна Македонија

Проектот е во времетраење од 16 месеци, со почеток на 16 јуни 2023.

Проектот е ко-финансиран од Европската Унија.



## Консултантски услуги

### Локален Еколошки Акционен План за Општина Ѓорче Петров

Тимот експерти на Здружението на граѓани ЦеПроСАРД Скопје, заедно со претставниците од Општина Ѓорче Петров го финализирааат Локалниот еколошки акционен план за Општина Ѓорче Петров кој ќе биде со важност од 6 години односно од 2024 - 2030 година. Вклученоста на граѓаните преку јавната анкета и спроведените активности преку работните групи со помош на медиуите, придонесе за полесна идентификација на предизвиците кои поврзани со животната средина и климатските промени.




Во август, во општинските простории беше одржана презентација на првиот нацрт-документ за развој на локален план за заштита на животната средина (ЛЕАП) на општина Ѓорче Петров.

Изработката на овој ЛЕАП се спроведува во рамките на проектот „Пилот интервенции за третман на отпадни води и управување со цврст отпад во прекуграничен регион" (WWT-SWM) кој општината Ѓорче Петров го имплементира во соработка со Општина Ново Брдо од Косово.

## Соработка со бизнис секторот - ЗГ ЦеПроСАРД континуирано соработува со бизнис секторот

## Стратегија за комуникација, важна алатка за секој бизнис

Соработката на ЦеПроСАРД и Силген Ресурсис Интернешнл ЛТД продолжува и во октомври. Во тек е отпочнување на обуки за вработени од страна на експерти за комуникација за спроведување на активности и квалитетно информирање на јавноста за работниот процес. Комуникацијата со граѓаните е важен фактор за успешност на еден проект кој се спроведува од јавниот и приватниот сектор, а има социо-економско влијание и влијание врз животната средина на локалната заедница. Нашиот тим има клучна улога во настојувањето да се воспостави правилна комуникација со сите засегнати чинители во областа на заштитата на животната средина.

# Усовршување на знаењето и вештините на тимот на ЗГ ЦеПроСАРД

Претставник од ЗГ ЦеПроСАРД Скопје г-ѓа Сања Трпковска Дипломиран Правник по Меѓународно право и меѓународни односи учествуваше на 10-та Меѓународна научна конференција „Општествени промени во глобалниот свет", што се одржа на 28 и 29 септември 2023 година на правниот Факултет ,,Гоце Делчев" во Штип. Таа го презентираше својот научно истражувачки труд на тема ,,Зајакнување на пристапот до правни услуги за постарите возрасни лица во македонија преку паметни телефони".




Copyright © 2023 CeProSARD, All rights reserved.

Our mailing address is: info@ceprosard.org.mk

Want to change how you receive these emails? You can update your preferences or unsubscribe from this list.

This e-mail has been sent to info@ceprosard.org.mk, click here to unsubscribe.

MK